CIVICA MOBILITAS

# ОПШТА ДОВЕРБА И ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ

2024

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

# ОПШТА ДОВЕРБА И ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ 2024


## Издавач

Македонски центар за меѓународна соработка

## За издавачот

Александар Кржаловски, Директор



## Автор

Фанија Ивановска



ISBN 978-608-4848-62-2

Скопје, февруари 2025 г.


## Контакт


МЦМС

| | |
|---|---|
| адреса: | ул. Никола Парапунов бр. 41а; поштенски фах 55, 1060 Скопје; |
| Тел. | +389 76 365 381; |
| е-пошта: | mcms@mcms.mk |
| Веб-страница: | https://www.mcms.mk |
| SlideShare: | https://www.slideshare.net/mcms_mk |
| Facebook: | https://www.facebook.com/mcms.mk |

Цивика мобилитас

| | |
|---|---|
| е-пошта: | helpdesk@civicamobilitas.mk |
| веб-страница: | https://www.civicamobilitas.mk/ |
| Facebook: | https://www.facebook.com/civicamobilitas/ |



Извештајот е подготвен и објавен во рамките на Цивика мобилитас, проект на Швајцарската влада, кој го спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на авторот и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Владата на Швајцарија или организациите што ја спроведуваат.

Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на публикацијата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени, со назначување на изворот (види начин на референцирање на крајот од публикацијата). За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

# Содржина


Вовед ..... 4

Методологија и пристап ..... 4

Прашалник ..... 4

Примерок ..... 4

Обработка и прикажување на резултатите ..... 4

Индекси ..... 5

Клучни наоди ..... 6

Општа доверба во луѓето ..... 6

Перцепција за искористување и чесност ..... 6

Доверба во сектори и институции ..... 6

Доверба во државен сектор ..... 6

Доверба во меѓународните организации ..... 6

Доверба во професиите ..... 6

Општа доверба ..... 7

Доверба во институциите ..... 10

Доверба во државен сектор ..... 12

Доверба во меѓународна заедница ..... 14

Доверба во професии ..... 16

Прилог 1 Прашалник ..... 17

Прилог 2 Структура на примерок ..... 19

# Вовед

Довербата е клучна компонента на социјалниот капитал. Во досегашните истражувања, а и во ова, МЦМС разгледуваше два аспекти: општата доверба во луѓето (што вклучува доверба во слични на себе, како соседи, колеги, сонародници, но исто така и во непознати лица) и довербата во институциите (формални институции на владеење во општеството). Во овој извештај се анализирани наодите од анкетата „Довербата во институциите и во граѓанското општество во Република Македонија“, а која беше спроведена по десетти патна национален репрезентативен примерок.

# Методологија и пристап

Истражувањето е спроведено со теренска анкета на национален репрезентативен примерок од 1000 испитаници во периодот од 20 април до 25 мај 2024 година.

## Прашалник

Поголем дел од прашањата се засновани на искуствата и глобалните истражувања за социо-културните норми: Европската студија на вредности; Европскиот барометар; и Цивикус - Индексот на граѓанското општество. Другиот дел од прашањата се од претходните истражувања на МЦМС, кои ја испитуваа довербата и општествената одговорност на граѓаните.

## Примерок

Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони. Од 1.000 испитаници, 50,7% беа жени, а 49,3% мажи. Во однос на етничката застапеност етничките Македонци беа застапени со 73,4%, етничките Албанци со 19,5%, другите етнички групи беа застапени со 7,1%. Во однос на местото на живеење, селската популација беше застапена со 38,0%, додека градската со 62,0%. Целосен преглед на примерокот е даден во прилогот.

## Обработка и прикажување на резултатите

Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Податоците се со ниво на доверба од 95% и со грешка од +/- 3%. Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Освен со графикони, податоците се прикажани и во бројки. Исто така се прикажани покрај бројките и трендовите во однос на претходното истражување спроведено во 2021 година, за оние податоци кои се споредливи со нив. Исто така за подобрување на анализата на податоците се употребени одредени индекси.

Легендата на симболите е следна:

| | | |
|---|---|---|
| ↔ | без или незначителни промени | Без или незначителни промени = 0–3 процентни поени<br>Мали промени = 3,01–5 процентни поени<br>Умерени промени = 5,01–10 процентни поени<br>Големи промени = над 10 процентни поени |
| ↑ | мало зголемување | |
| ↓ | мало опаѓање | |
| ↑↑ | умерено зголемување | |
| ↓↓ | умерено опаѓање | |
| ↑↑↑ | големо зголемување | |
| ↓↓↓ | големо опаѓање | |

Во извештајот, незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10 % од примерокот, мало малцинство за 11% до 30%, малцинство за 30% до 50%, мнозинство за 51% до 70% и големо мнозинство за повеќе од 70 %. Во извештајот не се коментирани социо-демографските анализи за помалобројните етнички заедници и политичките партии со помалку симпатизери поради нивното мало учество во националниот примерок.

Во извештајот во одредени табели и графикони не се прикажани резултатите за „не знам“ и „без одговор“, поради што збирот на сите одговори не е 100%. Тоа е направено за потребите на поедноставно прикажување на резултатите.

## Индекси

| Општа доверба | 2024 | 2024-2021 | | 2021 | 2018 | 2016 | 2015 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Луѓе | 52,6 | ↓↓ | -6,4 | 59,0 | 53,8 | 53,0 | 52,8 | 56,0 |
| Соседи | 66,9 | ↔ | 0,4 | 66,5 | 70,1 | 61,3 | 73,3 | 68,0 |
| Колеги | 52,8 | ↓ | -3,4 | 56,2 | 46,2 | 49,2 | 50,7 | 51,6 |
| Сонародници | 52,2 | ↑↑↑ | 11,3 | 40,9 | 46,1 | 40,9 | 47,5 | 47,3 |
| Непознати | 14,7 | ↓↓↓ | -10,2 | 24,9 | 16,2 | 19,9 | 24,8 | 18,3 |
| Доверба во клучни општествени сектори | 2024 | 2024-2021 | | 2021 | 2018 | 2016 | 2015 | 2013 |
| Држава (јавен сектор) | 27,1 | ↓↓↓ | -19,7 | 46,8 | 46,6 | 45,4 | 43,5 | 47,5 |
| Деловен (приватен бизнис) сектор | 51,2 | ↔ | -2,6 | 53,8 | 45,6 | 51,7 | 46,5 | 47,7 |
| Граѓански (невладин) сектор | 49,6 | ↔ | -2,0 | 51,6 | 43,3 | 48,3 | 47,3 | 54,2 |
| Политички партии | 27,6 | ↓↓ | -8,6 | 36,2 | 22,8 | 31,3 | 35,4 | 27,9 |
| Медиуми | 55,5 | ↔ | 2,6 | 52,9 | 41,1 | 35,7 | 41,0 | 37,4 |
| Меѓународна заедница | 39,5 | ↓↓ | -6,7 | 46,2 | 35,1 | 39,5 | 45,3 | 43,5 |
| Банки и финансиски институции | 59,2 | ↔ | 0,8 | 58,4 | 47,9 | 50,5 | 56,6 | 56,3 |
| **Индекс на доверба во клучни општествени сектори** | **44,2** | **↓↓** | **-5,2** | **49,4** | **40,3** | **43,2** | **45,1** | **44,9** |
| Доверба во државниот сектор | 2024 | 2024-2021 | | 2021 | 2018 | 2016 | 2015 | 2013 |
| Претседател на РСМ | 35,2 | ↓↓↓ | -14,8 | 50,0 | 48,4 | 48,0 | 46,9 | 56,8 |
| Собрание на РСМ | 24,5 | ↓↓↓ | -16,4 | 40,9 | 33,1 | 38,5 | 38,0 | 41,9 |
| Влада на РСМ | 26,0 | ↓↓↓ | -12,9 | 38,9 | 38,3 | 39,2 | 38,5 | 42,5 |
| Локална самоуправа | 43,4 | ↓ | -3,9 | 47,3 | 41,7 | 39,1 | 44,2 | 50,4 |
| Правосудство на РСМ | 14,4 | ↓↓↓ | -20,7 | 35,1 | 24,2 | 33,3 | 28,9 | 41,5 |
| Јавно обвинителство | 16,9 | ↓↓↓ | -18,7 | 35,6 | 25,5 | 31,6 | 30,4 | |
| Армија (АРМ) | 67,8 | ↑↑ | 7,0 | 60,8 | 69,7 | 63,4 | 64,6 | 64,8 |
| Полиција на РСМ | 50,0 | ↓↓ | -8,8 | 58,8 | 56,1 | 60,2 | 56,6 | 65,3 |
| Државна комисија за спречување на корупција | 22,6 | ↓↓↓ | -16,6 | 39,2 | 16,4 | 27,8 | 29,7 | |
| Управа за безбедност и контраразузнавање | | | | 50,0 | | | 28,8 | |
| Специјално јавно обвинителство | | | | | 42,9 | 42,3 | | |
| Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | 41,8 | ↓↓↓ | -12,9 | 54,7 | 30,3 | 29,0 | | |
| Државна изборна комисија | 35,6 | ↓↓ | -8,0 | 43,6 | 27,4 | 42,3 | | |
| **Индекс на доверба во институциите** | **34,4** | **↓↓↓** | **-11,8** | **46,2** | **37,8** | **41,2** | **40,7** | **51,9** |
| Доверба во граѓанскиот сектор | 2024 | 2024-2021 | | 2021 | 2018 | 2016 | 2015 | 2013 |
| Граѓански организации (здруженија, фондации) | 38,4 | ↓↓ | -9,9 | 48,3 | 43,0 | 41,3 | 50,5 | 59,3 |
| Цркви и верски заедници | 70,8 | ↑↑ | 8,0 | 62,8 | 51,2 | 59,5 | 57,9 | 66,9 |
| Синдикати | 41,4 | ↓↓ | -7,4 | 48,8 | 21,9 | 29,0 | 35,3 | 35,9 |
| Стопански комори | 35,0 | ↓↓↓ | -15,0 | 50,0 | 25,8 | 31,0 | 35,9 | 36,8 |
| Организации на работодавачи | 30,0 | ↓↓↓ | -17,4 | 47,4 | 25,3 | 29,6 | 36,5 | 35,6 |
| Неформални групи граѓани | 41,7 | ↓↓ | -7,4 | 49,1 | 40,2 | 33,0 | 40,6 | |
| **Индекс на доверба во граѓански сектор** | **42,9** | **↓↓** | **-8,1** | **51,0** | **34,6** | **37,2** | **42,8** | **46,9** |
| Доверба во меѓународната заедница | 2024 | 2024-2021 | | 2021 | 2018 | 2016 | 2015 | 2013 |
| Европска Унија | 46,7 | ↓↓↓ | -10,5 | 57,2 | 54,4 | 52,6 | 60,4 | 55,8 |
| Совет на Европа | 44,4 | ↓↓ | -9,4 | 53,8 | | | | |
| Обединети нации | 49,1 | ↓↓ | -5,3 | 54,4 | 55,3 | 56,6 | 65,8 | 58,8 |
| НАТО | 48,2 | ↑↑ | 9,9 | 38,3 | 50,0 | 51,9 | 64,0 | 56,3 |
| ОБСЕ | 47,4 | ↑↑ | 9,0 | 38,4 | 50,3 | 49,0 | 57,6 | |
| **Индекс на доверба во меѓународна заедница** | **47,2** | **↔** | **-1,3** | **48,4** | **52,5** | **52,5** | **62,0** | **57,0** |

# Клучни наоди

## Општа доверба во луѓето

Довербата во луѓето останува поделена, **при што 52,6% од испитаниците изјавиле дека имаат целосна или делумна доверба во луѓето, додека 47,4% имаат целосна и делумна недоверба**. Најголема сигурност граѓаните чувствуваат во својот најблизок круг – 66,9% изразуваат доверба во соседите, додека довербата во колегите (52,8%) и сонародниците (52,2%) е на значително пониско ниво. Најголема претпазливост испитаниците изразуваат кон непознатите, при што 84,1% изјавиле дека имаат целосна или делумна недоверба.

## Перцепција за искористување и чесност

Меѓучовечката доверба е на ниско ниво, при што **84,9% од граѓаните сметаат дека треба да бидат внимателни во односите со другите, а само 14,3% веруваат дека на повеќето луѓе може да им се верува**. Дополнително, перцепцијата за чесноста во општеството е претежно негативна – вкупно 76,0% од испитаниците, кои ги дале оценките од 1 до 5 на скалата, сметаат дека луѓето би се обиделе да ги искористат. Од нив, најголем дел (21,5%) силно веруваат во тоа, позиционирајќи се на најниската точка од скалата.

## Доверба во сектори и институции

Довербата кон различните сектори и институции покажува значителни разлики, при што **банките и финансиските институции (59,2%) уживаат највисоко ниво на доверба, додека јавниот сектор (27,1%) и политичките партии (27,6%) се на дното на рангирањето**. Приватниот сектор (51,2%) и граѓанското општество (49,6%) се позиционираат во средината, додека медиумите (55,5%) имаат релативно висока доверба. Во споредба со 2021 година, најголем пад на довербата е забележан кај етничките Албанци, особено во јавниот сектор и политичките партии. Кај етничките Македонци, најзначителен пад има во јавниот сектор.

## Доверба во државен сектор

**Армијата (67,8%) останува институцијата со највисока доверба, додека судовите (14,4%) и јавното обвинителство (16,9%) имаат најниско ниво.** Југоисточниот регион покажува највисока доверба во институциите, додека Скопскиот најниска. Во периодот 2021-2024, кај етничките Албанци е забележан значителен пад на довербата во Претседателот, Собранието, Владата, судовите и обвинителството, додека Армијата е единствена институција со раст. Кај етничките Македонци, најголем пад има кај судовите и обвинителството. Вардарскиот регион се издвојува со највисока доверба во Армијата (95,0%).

## Доверба во меѓународните организации

Довербата во меѓународните организации останува релативно изедначена, со нешто **повисока доверба кон Обединетите Нации (49,1%) и НАТО (48,2%), а најниска кон Советот на Европа (44,4%).** Во периодот 2021-2024, кај етничките Македонци е забележан пад на довербата во сите организации, со најголем пад кај Европската Унија и Советот на Европа. Кај етничките Албанци, трендовите се различни – довербата во НАТО и ОБСЕ бележи значителен пораст, додека довербата во Европската Унија (и Советот на Европа) е намалена.

## Доверба во професиите

**Довербата во професиите покажува значителни разлики, при што наставниците и професорите (70,2%), свештениците и верските лица (70,8%) и лекарите (65,9%) уживаат највисока доверба. Од друга страна, судиите (18,4%) и цариниците (22,9%) остануваат професиите со најниско ниво на доверба, со високи проценти на недоверба (80,2% и 74,2%)**. Во споредба со 2021 година, се забележува зголемување на довербата кај наставниците и професорите и свештениците и верските лица, додека довербата во останатите професии останува релативно стабилна.

## Општа доверба

Првиот дел од истражувањето за 2024 година го опфаќа прашањето за довербата во луѓето воопшто, како и довербата кон специфични групи, како што се соседите, колегите, сонародниците и непознатите. Според податоците, **52,6% од испитаниците изјавиле дека имаат целосна или делумна доверба во луѓето**, додека 47,4% одговориле дека имаат целосна или делумна недоверба (графикон 1).

*Графикон 1: Доверба во луѓето (%)*




Довербата во соседите е повисока, со 66,9% од испитаниците кои изјавиле дека им веруваат, што е значително повисока во споредба со довербата во **колегите на работа** (52,8%), **сонародниците** (52,2%) и **непознатите** (14,7%). Непознатите се групата кон која испитаниците покажуваат најголема недоверба, со 84,1% кои изразиле недоверба.

Во споредба со податоците од 2021 година, има умерен пад во општата доверба во луѓето, која тогаш изнесувала 59,0% (пад од 6,4 пп). Кај довербата кон соседите не се забележуваат значителни промени, со резултати од 66,5% во 2021 година и 66,9% во 2024 година. Слично, довербата кон колегите и сонародниците останува стабилна, без значителни разлики во споредба со 2021 година. Од друга страна, кај туѓинците се забележува умерена промена, со пораст на недовербата од 74,1% во 2021 година на 84,1% во 2024 година (разлика од 10 пп), што ја нагласува претпазливоста кон оваа група.

*Табела 1: Доверба во луѓето кај етничките Македонци и етничките Албанци (2021 и 2024 г.) (%)*

| | Етнички Македонци | | Етнички Албанци | |
|---|---|---|---|---|
| | Целосна/ делумна доверба | | Целосна/ делумна недоверба | |
| | 2024 | 2021 | 2024 | 2021 |
| Општо во луѓето | 51,2 | 54,5 | 48,8 | 74,6 |
| Во соседите | 67,4 | 62,8 | 70,8 | 77,9 |
| Во колегите на работа | 52,5 | 53,1 | 52,8 | 68,9 |
| Во земјаци (сограѓани) | 53,0 | 40,2 | 44,6 | 45,9 |
| Во непознати (туѓинци) | 13,9 | 19,9 | 16,9 | 41,4 |

Во однос на општата доверба во луѓето, разликата помеѓу етничките Македонци и етничките Албанци е мала, како и кај довербата во соседите, каде што двете групи покажуваат слично ниво на доверба (табела бр. 1). Најголемата разлика се забележува кај довербата во сонародниците– етничките Македонци (53,0%) изразиле поголема доверба во споредба со етничките Албанци (44,6%). Од друга страна, иако довербата во туѓинците е на многу ниско ниво кај двете етнички групи, етничките Македонци (13,9%) искажале помала доверба од етничките Албанци (16,9%).

Кај етничките Македонци, споредено 2021 со 2024 година, не се забележуваат значајни разлики во нивоата на доверба, освен умерен раст кај довербата во сонародниците. Спротивно на тоа, кај етничките Албанци се регистрираат значителни падови во повеќе категории. Најголемиот пад е забележан кај општата доверба во луѓето, која е намалена за 25,8 пп (од 74,6% во 2021 година на 48,8% во 2024 година). Забележлив пад се јавува и кај довербата во соседите, со намалување од 7,1 пп. Кај довербата во непознатите, падот изнесува 24,5 процентни поени, што исто така укажува на зголемена недоверба во оваа категорија.

Довербата меѓу луѓето претставува важен елемент за градење здрави односи и заедници. Резултатите од истражувањето покажуваат дека 84,9% од граѓаните сметаат дека **„треба да се биде многу внимателен со луѓето“**, додека 14,3% веруваат дека **„може да им се верува на повеќето од луѓето“** (графикон 2).

Не можат да се забележат разлики во споредба со претходното истражување од 2021 година, каде 85,4% од испитаниците изразиле ист став за внимателноста. Оваа минимална разлика во одговорите, покажува дека перцепцијата за потреба од внимателност во односите со другите луѓе останува непроменета.

*Графикон 2: Внимателност кон другите луѓе (%)*




Анализата на податоците открива дека нема значителни разлики во одговорите ни според етничката припадност и полот на испитаниците. Сепак, значајни разлики се забележуваат во однос на возраста, приходите и регионот на живеење.

Во однос на возраста, испитаниците на возраст од 50 до 64 години најчесто изјавиле дека „треба да се биде многу внимателен со луѓето,“ со висок процент од 90,4%. За споредба, кај испитаниците на возраст од 30 до 39 години овој процент изнесува 80,6%. Иако резултатите за помладата група незначително отстапуваат од просекот, разликата од речиси 10 пп во споредба со постарата група сугерира зголемена претпазливост кај лицата од повисоките возрасни категории.

Финансиската состојба, исто така, има влијание врз перцепцијата за доверба. Најнискиот процент на испитаници кои изјавиле дека „треба да се биде многу внимателен со луѓето“ е забележан кај оние со месечни примања од 6001 до 9000 денари (56,1%), што укажува на пониско ниво на недоверба. Наспроти нив, највисоко ниво на претпазливост е регистрирано кај

испитаниците со примања од 12.001 до 15.000 денари (92,7%) и од 30.001 до 40.000 денари (90,7%).

Регионалната анализа дополнително потврдува значителни разлики. Најнискиот процент на претпазливост е регистриран во Југоисточниот регион (72,5%), додека највисокиот е во Североисточниот регион (93,8%). Испитаниците од Источниот и Пелагонискиот регион исто така покажуваат високо ниво на недоверба, со 92,5% кои изјавиле дека е неопходно да се биде внимателен со луѓето.

Во однос на **перцепцијата за искористување или чесност од страна на луѓето** (графикон 3), резултатите од истражувањето покажуваат дека ставовите на граѓаните се поделени, но доминира мислењето дека „повеќето луѓе би се обиделе да ме искористат" (графикон 3). Најголем дел од испитаниците (21,5%) се позиционираат на најниската точка на скалата, која укажува на силно убедување дека луѓето би ги искористиле. Дополнително, околу една петтина (20,5%) од испитаниците одбрале средна вредност на скалата (5), односно неутрална позиција. Кога ќе се соберат процентите за оценките од 1 до 5, вкупно 76,0% од испитаниците веруваат дека луѓето би се обиделе да ги искористат или имаат претежно негативна перцепција за чесноста на другите.

Од друга страна, многу мал дел од испитаниците веруваат дека „повеќето луѓе би се обиделе да постапат чесно" – само 1,6% одговориле со највисоката оценка (10). Што сугерира на висок степен на претпазливост и недоверба кон луѓето во општеството.

*Графикон 3: Перцепцијата* за искористување *или чесност од страна на луѓето (%)*




Перцепцијата дека „повеќето луѓе би се обиделе да ме искористат" покажува значителни разлики меѓу различни демографски групи. Возрасната категорија од 40 до 49 години изразила највисоко ниво на убедување дека би биле искористени (30,2%), додека кај помладата група од 18 до 29 години овој процент изнесува само 13,9%. Во однос на етничката припадност, кај етничките Македонци 22,8% од испитаниците сметаат дека „повеќето луѓе би се обиделе да ме искористат," што е повисоко во споредба со 15,9% кај етничките Албанци.

Дополнително, постојат разлики и според местото на живеење – 23,2% од испитаниците кои живеат во урбани средини веруваат дека луѓето би ги искористиле, во споредба со 18,7% од оние кои живеат во рурални средини. Најголемата регионална разлика се забележува во Југоисточниот регион, каде што 42,5% од испитаниците веруваат дека би биле искористени, во споредба со Североисточниот регион, каде овој процент е значително понизок и изнесува само 5,0%.

## Доверба во институциите

Резултатите од истражувањето покажуваат значителни разлики во нивото на доверба кон клучните општествени сектори. Највисоко ниво на целосна или делумна доверба граѓаните изразиле кон банките и **финансиските институции** (59,2%), додека најниско ниво на доверба е забележано кон **јавниот сектор** (27,1%) и **политичките партии** (27,6%) (графикон 4).

**Приватниот сектор и граѓанското општество (НВО, синдикати, цркви)** се позиционираат на средина, со ниво на доверба од 51,2% и 49,6%, соодветно. Довербата кон **медиумите** е релативно висока (55,5%), додека **меѓународната заедница** ужива доверба од 39,5%. Недовербата кон јавниот сектор (72,7%) и политичките партии (71,6%) значително доминира, при што големо мнозинство од граѓаните изразиле сомнеж во нивната работа. Индексот на доверба во клучните општествени сектори е умерено намален.

*Графикон 4: Доверба во клучните општествени сектори (%)*




Во споредба со 2021 година, најзначителни промени се забележуваат кај довербата во јавниот сектор, каде што е регистриран пад од 19,7 процентни поени (од 46,8% во 2021 на 27,1% во 2024 година). Слично, довербата во политичките партии исто така бележи значителен пад од 8,6 процентни поени, од 36,2% во 2021 на 27,6% во 2024 година.

Кај граѓанското општество, довербата е намалена за 2 процентни поени (од 51,6% во 2021 на 49,6% во 2024 година), додека недовербата останува речиси непроменета. Приватниот сектор и медиумите покажуваат стабилни нивоа на доверба, без значителни промени. Банките и финансиските институции, кои во 2021 година имале доверба од 58,4%, бележат минимален раст на довербата, достигнувајќи 59,2% во 2024 година.

Во споредба со 2021 година, кај етничките Македонци најголем пад на довербата е забележан во јавниот сектор, со намалување од 13,9 пп (од 39,9% во 2021 на 26,0% во 2024 година). Сличен тренд се забележува и кај политичките партии, каде довербата е намалена за 3,6 пп. Кај граѓанското општество довербата е речиси стабилна, со минимално намалување од 0,5 пп.

Кај етничките Албанци, најзначителни падови на довербата се забележуваат во јавниот сектор и политичките партии. Довербата во јавниот сектор е намалена за 35,8 пп (од 68,4% во 2021 на 32,3% во 2024 година), додека кај политичките партии довербата е намалена за 22,2 пп. Забележлив пад е присутен и кај граѓанското општество, со намалување од 12,2 пп.

*Табела 2: Доверба во различни сектори/институции кај етничките Македонци и етничките Албанци (2021 и 2024 година) (%)*

| Различни сектори/институции | Етнички Македонци | | Етнички Албанци | |
|---|---|---|---|---|
| | Целосна/ делумна доверба | | Целосна/ делумна доверба | |
| | 2024 | 2021 | 2024 | 2021 |
| Јавниот сектор (државата) | 26,0 | 39,9 | 32,3 | 68,4 |
| Приватниот сектор | 49,9 | 50,6 | 64,6 | 68,0 |
| Граѓанско општество | 49,0 | 47,5 | 55,4 | 67,6 |
| Политичките партии | 25,5 | 29,1 | 36,4 | 58,6 |
| Медиумите | 55,7 | 54,6 | 56,4 | 49,2 |
| Меѓународната заедница | 35,1 | 42,0 | 55,9 | 59,4 |
| Банки и финансиски институции | 61,4 | 56,6 | 49,2 | 64,8 |

Анализата на довербата во јавниот сектор (државата) и приватниот сектор открива значајни разлики според демографските карактеристики. Кај јавниот сектор, младите испитаници од 18 до 29 години покажуваат повисоко ниво на доверба (35,5%) во споредба со најстарата група (65+), кај која довербата изнесува 22,5%. Регионално, довербата варира – од ниски 16,3% во Североисточниот регион до високи 45,0% во Југоисточниот. Во приватниот сектор, довербата исто така е поголема кај младите (65,1%) отколку кај постарите (42,2%). Регионалните разлики се уште поизразени – највисока доверба е забележана во Вардарскиот (85,5%) и Југоисточниот регион (80,0%), додека најниска е во Скопскиот регион (36,4%).

Значителни разлики во однос на регионот и возраста може да се забележат и кај довербата во политичките партии и медиумите. Довербата во политичките партии е најниска во Пелагонискиот регион (10,8%) и Североисточниот регион (15,0%), додека највисока е во Вардарскиот и Југоисточниот регион (50,0%). Возрасно, младите од 18 до 29 години изразуваат двојно поголема доверба (35,5%) од испитаниците на возраст од 50 до 64 години (18,8%). Кај медиумите, највисока доверба имаат испитаниците од најстарата група (65+), каде достигнува 63,7%, додека кај младите (18-29) е 46,4%. Регионалните разлики се особено изразени– довербата варира од 21,3% во Североисточниот до 83,0% во Југозападниот регион.

Меѓународната заедница и банките исто така покажуваат значајни демографски разлики. Младите од 18 до 29 години имаат поголема доверба во меѓународната заедница (48,2%) во споредба со најстарата група на возраст од 65 и повеќе години, кај која довербата изнесува 27,5%. Испитаниците од руралните средини изразуваат повисока доверба (47,1%) отколку оние од урбаните средини (34,8%). Највисока доверба е забележана во Вардарскиот (75,5%), а најниска во Скопскиот регион (23,0%). Банките и финансиските институции, пак, уживаат највисока доверба кај испитаниците од Источниот (95,0%), додека најниска доверба е регистрирана во Скопскиот регион (41,2%). Возрасно, најголема доверба во банките и финансиските институции покажуваат испитаниците од 30 до 39 години (67,7%) во споредба со оние од 40 до 49 години (53,2%).

## Доверба во државен сектор

Анализата на довербата во институциите покажува значителни разлики во перцепцијата на граѓаните (графикон 5). **Армијата** е институцијата со највисоко ниво на доверба (67,8%), а зад неа следат **комуналните и други јавни претпријатија** (58,2%) и **образовни институции** (57,8%), **здравствените институции** (54,1%). **Полициските сили** исто така уживаат релативно високо ниво на доверба (50,0%), што укажува на стабилна перцепција за нивната работа.

Од друга страна, правосудниот систем се соочува со најголема криза на доверба. **Судовите и јавното обвинителство** бележат најниски нивоа на доверба, со 14,4% и 16,9%, соодветно. **Владата и Собранието на РСМ**, како клучни државни органи, исто така имаат ниско ниво на доверба– 26,0% и 24,5%. **Државната комисија за спречување на корупцијата** со 22,6% се вбројува меѓу институциите кои уживаат пониско ниво на доверба кај граѓаните. Индексот на доверба во државните институции бележи големо опаѓање.

*Графикон 5: Доверба во државниот сектор (%)*




Повеќе од една третина од граѓаните изразиле доверба во **Агенцијата за национална безбедност** (38,8%), а слично ниво има и **Државната изборна комисија** со 35,6%. **Центрите за социјална заштита**, со доверба од речиси половина од граѓаните (47,9%), се издвојуваат како една од подобро оценетите институции. **Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (40,8%), и **единиците на локалната самоуправа**, (43,4%), уживаат слично ниво на доверба кај граѓаните.

Во периодот од 2021 до 2024 година, се забележуваат значителни промени во довербата кај повеќе институции. Армијата и понатаму останува институцијата со највисоко ниво на доверба, во 2021 година довербата била 60,8%, додека во 2024 година пораснала на 67,8%. Наспроти тоа, довербата во Полицијата бележи пад, од 58,8% во 2021 на 50,0% во 2024 година. Кај Претседателот на РСМ, довербата исто така е намалена, од 50,0% во 2021 на 35,2% во 2024 година, што претставува значителен пад од 14,8 пп.

Кај владата се забележува пад на довербата, од 38,9% во 2021 на 26,0% во 2024 година, што е значителна разлика од 12,9 пп. Сличен тренд има и кај Собранието, каде довербата е намалена од 40,9% на 24,5%, што претставува пад од 16,4 процентни поени. Судовите и јавното обвинителство остануваат институции со најниско ниво на доверба. Довербата во судовите е намалена од 35,1% во 2021 на 14,4% во 2024 година, што претставува значителен пад од 20,7 пп. Јавното обвинителство, со доверба од 35,6% во 2021 и 16,9% во 2024, бележи сличен пад од 18,7 пп.

Анализата на податоците открива значајни разлики во довербата кон институциите помеѓу регионите (табела бр. 3). Југоисточниот регион се издвојува како регион со највисока доверба во повеќето институции. Граѓаните од овој регион покажуваат најголема доверба кон Претседателот на РСМ (87,5%), Собранието (70,0%), Владата (72,5%), судовите (30,0%) и јавното обвинителство (50,0%). Исто така, највисока доверба е забележана и кон Центрите за социјална заштита (82,5%) и образовните институции (77,5%). Од друга страна, Скопскиот регион бележи најниска доверба кај повеќето институции. Најниски нивоа на доверба се забележани кон Претседателот (18,8%), Собранието (11,8%), Владата (10,6%), Центрите за социјална заштита (32,7%) и здравствените институции (35,8%). Вардарскиот регион се издвојува со висока доверба кон Армијата (95,0%), што е највисоко ниво за која било институција во анализата. Полошкиот регион, пак, има најниска доверба кон комуналните и другите јавни претпријатија (33,8%).

*Табела 3: Највисока и најниска доверба во државни институции по региони (во %)*

| Степен на доверба | Највисока | | Најниска | |
|---|---|---|---|---|
| Институција | Регион | % | Регион | % |
| Претседател на РСМ | Југоисточен | 87,5 | Скопски | 18,8 |
| Собрание на РСМ | Југоисточен | 70,0 | Скопски | 11,8 |
| Влада на РСМ | Југоисточен | 72,5 | Скопски | 10,6 |
| Единици на локална самоуправа (општини) | Југоисточен | 72,5 | Полошки | 19,2 |
| Јавно обвинителство | Југоисточен | 50,0 | Вардарски | 5,0 |
| Судови | Југоисточен | 30,0 | Вардарски | 0,0 |
| Армија (АРМ) | Вардарски | 95,0 | Југозападен | 50,0 |
| Полиција | Источен | 67,5 | Скопски | 35,5 |
| ДКСК | Југоисточен | 52,5 | Вардарски | 12,5 |
| Агенција за национална безбедност | Југоисточен | 90,0 | Скопски | 21,8 |
| АВМУ | Југозападен | 63,0 | Североисточен | 13,8 |
| Државна изборна комисија | Југоисточен | 72,5 | Скопски | 23,6 |
| Центрите за социјална заштита | Југоисточен | 82,5 | Скопски | 32,7 |
| Здравствени институции | Вардарски | 82,5 | Скопски | 35,8 |
| Образовни институции | Југоисточен | 77,5 | Југозападен | 46,0 |
| Комунални и други јавни претпријатија | Вардарски | 82,5 | Полошки | 33,8 |

Во периодот од 2021 до 2024 година, довербата во одредени институции доживеала значителни промени, особено кај етничките Албанци (табела бр. 4). Кај Претседателот на РСМ, довербата кај етничките Албанци е намалена за 24,9 пп (од 62,3% во 2021 на 37,4% во 2024), додека кај Собранието падот изнесува 24,3 пп (од 56,6% на 32,3%). Кај етничките Албанци,

значителни падови се регистрирани и во довербата кон Владата (17,1 пп), судовите (23,6 пп) и јавното обвинителство (29,5 пп). Единствен исклучок е Армијата, каде довербата кај етничките Албанци е зголемена за 11,4 пп (од 59,4% на 70,8%).

Кај етничките Македонци, најголемите разлики се забележуваат кај судовите, каде довербата е намалена за 19,4 пп (од 29,8% на 10,4%), и кај јавното обвинителство, каде е регистриран пад од 15,3 пп (од 29,6% на 14,3%).

*Табела 4: Довербата во институциите според етничката припадност на испитаниците за 2021 и 2024 година (во %)*

| Институција | Доверба | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Етнички Македонци | | Етнички Албанци | |
| | 2024 | 2021 | 2024 | 2021 |
| Претседател на РСМ | 35,0 | 45,8 | 37,4 | 62,3 |
| Собрание на РСМ | 22,5 | 36,1 | 32,3 | 56,6 |
| Влада на РСМ | 23,6 | 34,6 | 35,4 | 52,5 |
| Единици на локална самоуправа (општини) | 43,5 | 43,5 | 41,5 | 58,6 |
| Јавно обвинителство | 14,3 | 29,6 | 24,6 | 54,1 |
| Судови | 10,4 | 29,8 | 27,2 | 50,8 |
| Армија (АРМ) | 68,0 | 60,8 | 70,8 | 59,4 |
| Полиција | 51,2 | 57,9 | 50,8 | 62,3 |
| ДКСК | 20,6 | 33,7 | 29,2 | 54,9 |
| Агенција за национална безбедност | 36,9 | 46,1 | 48,7 | 62,3 |
| Државна изборна комисија | 20,6 | 33,7 | 29,2 | 54,9 |
| АВМУ | 43,3 | 54,5 | 38,5 | 57,0 |
| Центрите за социјална заштита | 48,5 | 49,3 | 48,2 | 52,0 |
| Здравствени институции | 55,0 | 52,7 | 53,3 | 52,9 |
| Образовни институции | 57,8 | 55,3 | 59,5 | 54,9 |
| Комунални и други јавни претпријатија | 59,3 | 54,9 | 56,4 | 54,5 |

## Доверба во меѓународна заедница

Довербата кон меѓународната заедница е истражувана преку довербата во пет меѓународни организации: Европската Унија, Советот на Европа, Обединетите Нации, НАТО и ОБСЕ (графикон бр. 6). Резултатите покажуваат дека довербата е слична помеѓу овие организации, со минимални разлики. Граѓаните изразуваат нешто поголема доверба кон **Обединетите Нации** (49,1%) и **НАТО** (48,2%), додека малку пониска доверба имаат кон **Европската Унија** (46,7%), **ОБСЕ** (47,4%) и **Советот на Европа** (44,4%). Индексот на доверба во меѓународните институции останува стабилен, со незначителни промени.

*Графикон 6: Доверба во меѓународна заедница (%)*



Меѓу 2021 и 2024 година, довербата во повеќето меѓународни организации бележи значителен пад. Најголем пад е забележан кај НАТО, каде довербата е намалена за 10,0 пп (од 59,5% во 2021 на 48,2% во 2024 година). Кај ОБСЕ е регистриран сличен пад од 9,1 пп (од 57,7% на 47,4%). Довербата во Европската Унија е намалена за 10,5 пп (од 57,2% на 46,7%), а кај Советот на Европа е забележан пад од 9,4 пп (од 53,8% на 44,4%). Овие податоци укажуваат на значајно опаѓање на довербата кон НАТО, ОБСЕ и Европската Унија, додека кај Советот на Европа трендот е сличен.

Довербата кон меѓународните организации покажува различни трендови меѓу етничките Македонци и етничките Албанци во периодот од 2021 до 2024 година (табела бр. 5). Кај етничките Македонци, довербата во сите организации е намалена. Најголем пад е забележан кај Европската Унија (од 52,4% во 2021 на 41,7% во 2024) и Советот на Европа (од 47,8% на 39,5%). Довербата во Обединетите Нации, НАТО и ОБСЕ исто така покажува намалување, но останува стабилна во рамките на малцинството.

Кај етничките Албанци, довербата се движи во различни правци. Довербата кон Европската Унија и Советот на Европа е значително намалена (од 72,5% на 65,1% и од 72,5% на 62,1%, соодветно). Од друга страна, довербата во НАТО бележи пораст од 27,0% во 2021 на 68,2% во 2024 година, што претставува значителен скок. Слично, довербата во ОБСЕ е зголемена од 28,7% на 61,5%.

Овие податоци укажуваат на различни перцепции меѓу двете етнички групи, со зголемена доверба кај етничките Албанци во НАТО и ОБСЕ, додека кај етничките Македонци генерално е забележан пад на довербата во сите организации.

*Табела 5: Довербата во меѓународните организации според етничката припадност на испитаниците за 2021 и 2024 година (во %)*

| Меѓународни организации | Доверба | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Етнички Македонци | | Етнички Албанци | |
| | 2024 | 2021 | 2024 | 2021 |
| Европска Унија | 41,7 | 52,4 | 65,1 | 72,5 |
| Совет на Европа | 39,5 | 47,8 | 62,1 | 72,5 |
| Обединети Нации | 46,2 | 52,7 | 61,0 | 60,7 |
| НАТО | 42,9 | 42,0 | 68,2 | 27,0 |
| ОБСЕ | 43,6 | 41,6 | 61,5 | 28,7 |

Возраста, местото на живеење и регионот имаат значајно влијание врз перцепциите за меѓународните организации, при што довербата во Европската Унија и НАТО варира меѓу различните демографски групи. Во Европската Унија, највисока доверба изразуваат испитаниците на возраст од 30 до 39 години (58,1%), додека најниска е довербата кај испитаниците над 65 години (31,9%). Сличен тренд се забележува и кај НАТО, каде довербата е највисока кај младите од 18 до 29 години (59,0%) и најниска кај најстарите испитаници (37,7%). Местото на живеење исто така влијае врз довербата– испитаниците од руралните средини изразуваат поголема доверба и во Европската Унија (53,9%) и во НАТО (55,8%) во споредба со оние од урбаните средини (42,9% за Европската Унија и 43,5% за НАТО). Регионално, најголема доверба кон двете институции е регистрирана во Југоисточниот регион (87,5% за Европската Унија и 85,0% за НАТО), додека најниска доверба има во Скопскиот регион (23,9% за Европската Унија и 23,0% за НАТО).

## Доверба во професии

Довербата на граѓаните во различни професионални групи покажува значителни разлики, рефлектирајќи ја перцепцијата за нивната работа и улога во општеството. Податоците укажуваат на разлика помеѓу перцепцијата на граѓаните за професиите поврзани со образование, здравство и вера, во однос на оние поврзани со јавната администрација и правдата.

Најголема доверба уживаат **наставниците и професорите**, со целосна или делумна доверба од 72,0%, а веднаш по нив се **свештениците и верските лица** (70,8%) и **лекарите** (65,9%). Овие групи уживаат значителна поддршка, што ги издвојува од останатите професии.

Од друга страна, **судиите** (18,4%) и **цариниците** (22,9%) се професиите во кои граѓаните имаат најмалку доверба, додека **деловните, бизнис-консултантите** (44,9%), **полицијата** (44,0%) и **државните службеници** (36,5%) се рангираат нешто подобро, но сепак остануваат во рамките на малцинството. Не е изненадување што судиите и цариниците се истакнуваат и со највисоки проценти на недоверба – 80,2% и 74,2%, соодветно."

*Графикон 7: Довербата во професии (во %)*




Споредено до податоците од 2021 година, довербата на граѓаните во различните професионални групи останува највисока кај наставниците и професорите, лекарите и свештениците, додека јавната администрација и правосудството продолжуваат да имаат значително пониски нивоа на доверба. Наставниците и професорите бележат зголемување на довербата од 64,7% во 2021 година на 72,0% во 2024 година (за 7,3 пп). Сличен тренд е забележан кај свештениците и верските лица, каде довербата е зголемена од 63,4% на 70,8% (за 7,4 пп). Кај останатите професионални групи нема значителни разлики помеѓу податоците од 2021 и 2024 година, при што нивото на доверба останува релативно стабилно.

# Прилог 1 Прашалник

## 1. ДОВЕРБА

### 1.1. Доверба

П 1. Општо земено, дали може да им се верува на повеќето од луѓето или треба да се биде многу внимателен со нив?

а) Може да им се верува на повеќето од луѓето

б) Треба да се биде многу внимателен

в) Не знам

г) Без одговор

П 1.1 Дали сметате дека луѓето воопшто би ве искористиле или дека ќе се обидат да бидат чесни кон вас?

| | Повеќето луѓе би се обиделе да ме искористат | | | | | Повеќе луѓе би се обиделе да постапат чесно | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| П 1.1 Дали сметате дека луѓето воопшто би ве искористиле или дека ќе се обидат да бидат чесни кон вас? | | | | | | | | | | |

П 2. Колку доверба имате:

| | | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба |
|---|---|---|---|---|---|
| д 1 | Општо во луѓето | 1 | 2 | 3 | 4 |
| д 2 | Во соседите | 1 | 2 | 3 | 4 |
| д 3 | Во колегите на работа | 1 | 2 | 3 | 4 |
| д 4 | Во непознати (туѓинци) | 1 | 2 | 3 | 4 |
| д 5 | Во земјаци (сограѓани) | 1 | 2 | 3 | 4 |

П 3. Колку доверба имате во секој од следниве сектори?

| | | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба |
|---|---|---|---|---|---|
| д 6 | Јавниот сектор (државата) | 1 | 2 | 3 | 4 |
| д 7 | Приватниот (бизнис/деловен) сектор | 1 | 2 | 3 | 4 |
| д 8 | Граѓанско општество (НВО, синдикати, цркви) | 1 | 2 | 3 | 4 |
| д 9 | Политичките партии | 1 | 2 | 3 | 4 |
| д 10 | Медиумите | 1 | 2 | 3 | 4 |
| д 11 | Меѓународната заедница | 1 | 2 | 3 | 4 |
| д 12 | Банки и финансиски институции | 1 | 2 | 3 | 4 |

П 4. Наведете колку доверба имате во секоја од следниве институции/организации:

| | | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба |
|---|---|---|---|---|---|
| д 13 | Претседател на Република Македонија | 1 | 2 | 3 | 4 |
| д 14 | Собрание на Република Македонија | 1 | 2 | 3 | 4 |
| д 15 | Влада на Република Македонија | 1 | 2 | 3 | 4 |
| д 16 | Единици на локална самоуправа (општини) | 1 | 2 | 3 | 4 |
| д 17 | Јавно обвинителство на РМ | 1 | 2 | 3 | 4 |
| д 18 | Судови | 1 | 2 | 3 | 4 |
| д 19 | Армија на Република Македонија (АРМ) | 1 | 2 | 3 | 4 |
| д 20 | Полиција | 1 | 2 | 3 | 4 |
| д 21 | Државна комисија за спречување на корупцијата | 1 | 2 | 3 | 4 |
| д 22 | Специјално јавно обвинителство | 1 | 2 | 3 | 4 |
| д 23 | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Совет за радиодифузија) | 1 | 2 | 3 | 4 |
| д 24 | Државна изборна комисија | 1 | 2 | 3 | 4 |
| д 25 | Граѓански организации (невладини, здруженија и фондации) | 1 | 2 | 3 | 4 |
| | Центрите за социјална заштита | 1 | 2 | 3 | 4 |
| | Здравството | 1 | 2 | 3 | 4 |
| | Образовни институции | 1 | 2 | 3 | 4 |
| | Комунални и други јавни претпријатија | 1 | 2 | 3 | 4 |

П 5. Наведете колку доверба имате во поединечните институции од меѓународната заедница?

| | | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба |
|---|---|---|---|---|---|
| д 26 | Европска Унија | 1 | 2 | 3 | 4 |
| д 27 | Обединети Нации | 1 | 2 | 3 | 4 |
| д 28 | НАТО | 1 | 2 | 3 | 4 |
| д 29 | ОБСЕ (Организација за безбедност и соработка во Европа) | 1 | 2 | 3 | 4 |

П 6.1. Наведете колку доверба имате во секоја од наведените професии?

| | | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба |
|---|---|---|---|---|---|
| | Државни службеници | 1 | 2 | 3 | 4 |
| | Судии | 1 | 2 | 3 | 4 |
| | Цариници | 1 | 2 | 3 | 4 |
| | Полицајци | 1 | 2 | 3 | 4 |
| | Наставници, професори | 1 | 2 | 3 | 4 |
| | Лекари | 1 | 2 | 3 | 4 |
| | Свештеници, верски лица | 1 | 2 | 3 | 4 |
| | Деловни, бизнис-консултанти | 1 | 2 | 3 | 4 |

# Прилог 2 Структура на примерок

| Пол | % |
|---|---|
| Маж | 49,3 |
| Жена | 50,7 |
| **Возраст** | **%** |
| 18-29 | 16,6 |
| 30-39 | 18,6 |
| 40-49 | 20,5 |
| 50-64 | 23,9 |
| 65+ | 20,4 |
| **Етничка припадност** | **%** |
| Македонец/ка | 73,4 |
| Албанец/ка | 19,5 |
| Турчин/ка | 2,0 |
| Ром/ка | 2,7 |
| Србин/ка | 1,4 |
| Бошњак/чка | 0,4 |
| **Религиска припадност** | **%** |
| Православна | 75,5 |
| Исламска | 24,1 |
| Католичка | 0,2 |
| Друга | 0,2 |
| Не сака да одговори | 75,5 |
| **Религиозност** | **%** |
| Религиозна личност | 90,5 |
| Нерелигиозна личност | 7,7 |
| Атеист | 0,9 |
| Не сака да одговори | 0,9 |
| **Работен статус** | **%** |
| Вработен во јавен сектор | 20,9 |
| Вработен во приватен сектор | 36,4 |
| Вработен во граѓански сектор | 0,2 |
| Студент | 5,4 |
| Ангаржиран/а во домашни обврски | 1,4 |
| Невработен | 9,8 |
| Пензионер | 23,0 |
| Земјоделец | 0,8 |
| Друго | 1,7 |
| Не сака да одговори | 0,4 |
| **Социјален статус (самоперцепција)** | **%** |
| Висока класа | 1,9 |
| Повисока средна класа | 19,5 |
| Пониска средна класа | 32,7 |
| Работничка класа | 34,8 |
| Пониска класа | 9,3 |
| Не знам | 0,6 |
| Без одговор | 1,2 |
| **Образование** | **%** |
| Незавршено основно | 1,4 |
| Основно | 7,4 |
| Средно | 57,0 |
| Вишо, високо | 30,3 |
| Магистерски студии | 3,3 |

| Место на живеење | % |
|---|---|
| Рурално (село) | 38,0 |
| Урбано (град) | 62,0 |
| | |
| **Месечни приходи** | **%** |
| 1 - 6000 ден. | 1,5 |
| 6001 – 9000 ден. | 4,1 |
| 9001 – 12.000 ден. | 4,5 |
| 12.001 – 15.000 ден. | 5,5 |
| 15.001 – 18.000 ден. | 5,8 |
| 18.001 – 24.000 ден. | 12,6 |
| 24.001 – 30.000 ден. | 11,9 |
| 30.001 – 40.000 ден. | 8,6 |
| 40.001 – 50.000 ден. | 8,2 |
| 50.001 – 60.000 ден. | 6,5 |
| 60.000+ ден. | 8,6 |
| Не знае | 6,8 |
| Одбива да одговори | 15,4 |
| **Политичка ориентација** | **%** |
| 1 - Лево | 8,4 |
| 2 | 2,9 |
| 3 | 6,7 |
| 4 | 4,3 |
| 5 | 26,9 |
| 6 | 6,3 |
| 7 | 2,9 |
| 8 | 6,3 |
| 9 | 1,8 |
| 10 - Десно | 10,7 |
| Не знае | 7,2 |
| Без одговор | 15,6 |
| **Симпатизер на политичка партија** | **%** |
| ВМРО-ДПМНЕ | 27,3 |
| СДСМ | 14,2 |
| ДУИ | 5,7 |
| Други | 8,0 |
| Не сум симпатизер на политичка партија | 36,7 |
| Не знае /Без одговор | 8,1 |
| **Регион** | **%** |
| Скопски | 33,0 |
| Југоисточен | 8,0 |
| Источен | 8,0 |
| Североисточен | 8,0 |
| Вардарски | 8,0 |
| Југозападен | 10,0 |
| Полошки | 13,0 |
| Пелагониски | 12,0 |